Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии
Бр. 03-2134/1
17-11-2015 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
Бр. 0302-3475/1
17.11.2015 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
склучен помеѓу потписниците

1. **Факултетот за електротехника и информациски технологии** во состав на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ 18 Скопје (во натамошниот текст: првиот потписник) претставуван од Деканот, проф. д-р Миле Станковски и

2. **Биро за метрологија на Р. Македонија**, со адреса на Бул. Јане Сандански 109а Скопје, застапуван од директорот м-р Димитар Парнарџиев, (во натамошниот текст: вториот потписник).

**ЦЕЛИ**

**Член 1**

Со овој Меморандум се утврдува рамката во која се реализира соработката меѓу потписниците за работи од заеднички интерес базирани на искористувањето на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови на потписниците насочени кон унапредувањето на едукативните, истражувачките и апликативните активности од областа на метрологијата, електротехниката и информациските технологии.

**ПОЛЕ НА СОРАБОТКА**

**Член 2**

Меѓусебната соработка на потписниците ќе се реализира во различни домени од делокругот на нивната работа, со посебен акцент на следните полиња на соработка:

1. Работа на развојно-истражувачки проекти, реализирани преку:
   а) соработка на експертски и професионални тимови определени од потписниците;
   б) изработка на магистерски и докторски трудови од страна на студенти од првиот потписник), а во функција на проекти од интерес на потписниците;

2. Работа на апликативни проекти, со посебен акцент на:
   а) дефинирање на проектни задачи;
   б) изработка на проекти на барање на едниот од потписниците;
   в) ревизија на проекти изработени од трети субјекти;
   г) учество во реализација на апликативни проекти за потребите на трети лица;

3. Работа на научно-истражувачки проекти во рамки на национални, регионални или ЕУ научни програми (особено работа на програмата EMPIR - European Metrology Programme for Innovation and Research);

4. Консултативни активности и експертски услуги;